Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-5**
**Датум: 31.01.2020 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Друштво за производство, издавачка дејност, трговија и други услуги ТЕМПЛУМ ДООЕЛ - Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | Ул. , Скопје |
| Адреса за е-пошта | nikola.gelevski@gmail.com |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Комерцијална банка АД - Скопје |

Одговорно лице на субјектот:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Никола Гелевски, управител и сопственик | | nikola.gelevski@gmail.com |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | **1. <u>РЕДОВЕН</u>** | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 29.01.2020 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 31.01.2020 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Друштво за производство, издавачка дејност, трговија и други услуги ТЕМПЛУМ ДООЕЛ - Скопје (во натамошниот текст: ТЕМПЛУМ) | | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра: 90.04) | | | |

| | | |
|---|---|---|
| надзорот | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „ | , Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за месец јануари 2020 година, бр. 57-120/3 од 13.01.2020 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Маја Митревска, виш инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

5) Предмет на редовниот инспекцискиот надзор е спроведувањето на одредбите од Законот за издавачката дејност („Сл. весник на РМ" бр. 199/14 и 152/15) и подзаконските акти (правилници објавени во „СЛ. Весник на РМ бр. 83/15), донесени врз основа на овој Закон.

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор се употребени листи за проверка коишто се дадени во прилог и се составен дел на овој записник.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Никола Гелевски, управител | | nikola.gelevski@gmail.com |

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

9) За почетокот на вршењето на инспекцискиот надзор, со Допис Ип 1 бр. 57-5 од 15.1.2020 г., е известен Темплум, во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 102/2019 - **во натамошниот текст: ЗИН).**

10) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

- Во врска со обврската од членот 4 став (1) и (2) од Законот за издавачката дејност, според која издавачот мора да има уредник, кој е одговорен за целокупната издавачка дејност, односно врши избор на публикации за објавување, прибавува и дава стручно мислење за публикациите и е одговорен за квалитетот на изданијата, при надзорот направен е увид во печатените изданија за 2019 година, од кој што може да се види дека Никола Гелевски, како одговорно лице е уредник одговорен за издавачката продукција на Темплум, освен за публикациите „12 македонски фотограф(к)и" и „Десетте најдобри раскази на светот" за кои како уредник преку склучени договори за дело од 30.4.2019 г., ангажирани се Драги Неделчевски и Фросина Крушкаровска.

- Од страна на инспекторот извршен е увид во вкупно 24 (дваесет и четири) публикации издадени од страна на Темплум – Скопје во 2019 година од кои осум се финасирани од страна на Буџетот на РСМ преку МК и тоа:

„Како да се биде геј" од Дејвид Халперин,
„Зенобиа" од Дур и Хорнеман,
„Белата е најстрашна боја" од Ирена Јурчева
„Листра Бистроушка" од Рудолф Теснохлид
„Јов" од Јозеф Рот
„Набави си муда" од Џоана Волш
„Грош за Харон" од Борислав Јарчевски
„Куќа на Марс" од Будимка Поповска
„The House of Mars" од Будимка Поповска
„Ботичилиев каталог" од Будимка Поповска
„Сеир и ништо" од Брадестиот Џо и Тања Аждаја
„Гајле синема" од Тања Аждаја
„Стрип награда Лифт 1"
„Сто насловни страници на ОКНО"
„Комши Капиџик" Рамадан Рамадани
„Ослободување од Македонија" од Бранко Тричковски
Публикации финасирани од страна на МК


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

„12 македонски фотограф(к)и“ – уредник Драги Неделчевски
„Десетте најдобри раскази на светот“ – уредница Фросина Крушкаровска
„Македонија“ од Харви Пикар
„Синиот Зајак“ од Душко Радовиќ
„Чудесни апарати“ од Владимир Лукаш и Гвидо Тартаља
„Лавиринт“ од Влада Урошевиќ
„Ура Урал“ од Тања Урошевиќ
„Маргина 91“ списание

- Во однос на обврската од членот 6 став (3) од Законот за издавачката дејност и Правилникот за формата и содржината на годишниот извештај за издавачката продукција на издавачот, според која што издавачот во јануари тековната година за претходната година до Националната установа - НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје (во натамошниот текст: НУБ „Св. Климент Охридски“), доставува годишен извештај за сопствената издавачка продукција, утврдено е дека Темплум има постапено по оваа обврска на 23.01.2020 година.

- Според членот 5 став (1) од Законот за издавачката дејност, кој што се однесува на обврската на издавачот пред објавување на публикацијата да склучи договор со авторот на публикацијата и со другите лица што учествуваат во изработката на изданието (автор, имател на авторско право, уредник, приредувач, преведувач, редактор, рецензент, лектор, коректор, ликовен и технички уредник и друго), а со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски и на кој се применуваат прописите за авторското право и сродните права, утврдено е дека Темплум има постапено по оваа обврска.
Имено, за издавање на горенаведените публикации на увид се презентирани договори со авторите за согласност за објавување и застапување на авторски права и тоа: од 20.12.2019 г., склучен со Ирена Јурчева, од 30.11.2018 г., склучен со Рамадан Рамадани, од месец декември 2019 склучен со Александар Иванов, од 30.10.2018 г., склучен со Владимир Лукаш, од 24.5.2019 г., склучен со Тања Урошевиќ, од 24.5.2019 г., склучен со Влада Урошевиќ и др. При надзорот е утврдено дека договорите не се соодветно заведувани со архивски број поради што на присутното и одговорно лице му е укажано за потребата од почитување на прописите за канцелариско и архивско работење.

Истовремено, за лектура на изданијата склучен договор од 1.1.2019 со лицето Ѓоко Здравевски, лектор.

- Во однос на обврската од членот 6 став (2) од Законот за издавачката деност, според кој што издавачот е должен да ја издаде публикацијата во тираж кој што би требало да биде наведен како задолжителен податок на публикацијата, од увидот во горенаведените публикации, утврдено е дека во публикациите на Темплум се наведени податоци за отпечатениот тираж на истите, односно 300 примероци за горенаведените публикации.

- При увидот е утврдено дека горенаведените публикации на Темплум во целост ги содржат податоците, предвидени со членот 7 од Законот за издавачката дејност, а според којшто секоја публикација треба да ги содржи следните задолжителни податоци: податоци за издавачот (назив и седиште), наслов на публикацијата и име и презиме на авторот/носителот на авторското право, име и презиме на уредникот, како и преведувачот, приредувачот, илустраторот, лекторот и други лица, назив и седиште на печатницата, место на издавање, година на изданието, број на периодичната публикација, при повторно издание, податоци за издавачот, место и година на објавување на првото издание (доколку таквите податоци се достапни), ознака C (copyright) со името на носителот на авторското право и годината на првото објавување, тираж на публикацијата, CIP – запис или идентификациски број на CIP – записот (за оние публикации што подлежат на CIP – запис) и меѓународни стандардни броеви за публикацијата (ISBN, ISSN, ISMN, ISRC, ISAN, ISWC, DOI, HANDLE.NET).

- Темплум има постапено по однос на обврската од член 12 став (6) од Законот за издавачката дејност, односно до НУ-НУБ „Св. Климент Охридски"-Скопје се доставени по пет задолжителни примероци од горе наведените публикации, а за што на увид како доказ е презентирана Испратница бр. 2201/2020 од 22.1.2020 година. Додека, за публикациите финасирани од страна на МК на увид не е презентирана потврда од НУБ за доставени задолжителни примероци. Имено, според изјавата на Никола Гелевски, одговорно лице и уредник, за овие изданија, односно публикации потврдите од НУБ за доставени задолжителни примероци во оригинал се доставени до надлежниот Сектор за книга во МК.

- **Оттука, врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, се констатира дека не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзор.**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот.

13) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Нема

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: Никола Гелевски, управител | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, виш инспектор | |
| Датум: | 31.01.2020 г. | Датум: | 31.01.2020 г. |

ПРИЛОГ: Листа за проверка, којашто е составен дел на Записникот.



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk